09.03.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Сашка Цветковска за текстот со наслов "Љубовна драма во скопска Железара - Ја претепал љубовницата и полугола ја исфрлил на улица", објавен на 23.01.2017 година, во 20 часот и 15 минути во интернет изданието на Вест (www.vest.mk), а на 24.01.2017 година, во дневниот весник Вест.**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 8 и 11.

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост"*

Член 8.

*"Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.*
*Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда"*

Член 11.

*"Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)"*

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 25.01.2017 година, Сашка Цветковска поднесе жалба за текстот со наслов "Љубовна драма во скопска Железара - Ја претепал љубовницата и полугола ја исфрлил на улица", објавен на 23.01.2017 година, во 20 часот и 15 минути, во интернет изданието на Вест (www.vest.mk), а на 24.01.2017 година, во дневниот весник Вест.

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст не се почитува личната приватност, а во известувањето има елементи на дискриминација и нерамноправност на половите. Во образложението се потенцира дека жалбата се однесува на текстот и на насловната страница на весникот. Се вели дека сведувањето на овој случај на таблоидна приказна е сексистичко, дискриминирачко, дискредитирачко известување за жената во ова општество. Жалителката наведува дека станува збор за случај кој содржи барем неколку кривични дела, помеѓу кои и обид за убиство. Се додава дека веста е направена од билтен на МВР, кој соопштува дека претепана жена со телесни повреди завршила в болница откако од страна на насилникот, по тепањето на минусни температури, била оставена на улица. Се вели дека врз основа на дадениот контекст, а и со насловот, се сугерира дека обидот за убиство претставува една обична љубовна драма, оној кој го врши насилството е љубовникот, а таа е голата посрамена швалерка фрлена на улица. Во жалбата се нагласува дека известувањето суптилно сугерира родова нееднаквост, преку дискредитирање на жртвата и нејзина лична дисквалификација како жртва.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со дневниот весник Вест и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на Вест, Горан Петрески, испрати одговор на наводите на жалителката.

Во одговорот се вели дека уредништвото на Вест безрезервно ги отфрла сите наоди како неточни и целосно неприфатливи. Се додава дека ги отфрла како тенденциозни сите обвинувања дека насловот

на насловната страница е поттикнување на насилство, шовинизам и сензационализам. Петрески вели дека споменатиот наслов е препознатлив за "Вест" и профилот на весникот од денот на неговото излегување до денес – односно речиси цели 17 години. Тој додава дека весникот секогаш поддржувал и ќе поддржува кампањи против насилството кое и најостро го осудува, па истовремено во текот на ноември минатата година бил дел, односно спонзор на кампањата против насилство воопшто, и особено против насилството врз жените. Во одговорот се вели дека весникот никогаш немал каква и да е намера, со објавениот наслов да поттикнува што било, а најмалку тоа што му се препишува. Во образложението на одговорот се вели дека редакцијата на Вест немала намера да ги повреди чувствата на жртвата и се наведуваат неколку факти од кои можело да се заклучи дека се работи за наслов кој има поинаква содржина и смисла отколку онаа која сака да му се припише. Се вели дека самата вест како таква, најпрво, била објавена во билтенот што секојдневно го објавува МВР и кој е јавно достапен до сите граѓани на Р.М., а во него покрај тоа што е опишан настанот како таков, дадена е и изјавата на претепаната жена, во која таа вели дека му била поранешна љубовница на осомниченото лице. Понатаму, се вели дека, при обработката на текстот, кој беше пласиран на 24 јануари, може јасно да се види дека во ниту еден случај не е поддржано насилството. Во текстот е наведено дека жената била претепана од насилниот љубовник, кој, лут оти повеќе не се гледала со него, ја исфрлил на улица полугола, и стои дека жената има сериозни повреди, па поради тоа е задржана на лекување, за што е земена изјава и од лекарите. Понатаму, во одговорот се заклучува дека во ниту една реченица никаде не е наведено дека причината на тепањето е жената. Во текстот нема претпоставки, шпекулации, навреди, какви и да се ставови или коментари, туку само пренесени факти. Се вели дека доколку, како што се наведува во жалбата, се сакало да се омаловажи жената и истата да се изложи на осуда и потсмев кај јавноста, во текстот, од Вест можеле да ги наведат името на жената, нејзиниот фамилијарен статус и низа други податоци. Се нагласува дека секогаш при известувањето редакцијата на весникот Вест внимавала да се заштити жртвата и нејзиниот идентитет. Понатаму, во одговорот се вели дека е апсолутна неиздржана констатацијата на жалителката дека Вест се става на страната на насилникот и поттикнува насилство. Се вели дека весникот тој ден не правел ниту осврт, ниту коментар, туку класичен извештај, со кој само се пренеле добиените податоци, без какви и да се квалификации и дека весникот не може да биде суд. Се вели дека во текстот се држеле до фактите, чисто пренеле полициска информација онака како што била пласирана во билтенот. Се

додава дека два дена откако полицијата го расветлила случајот и го пронашла осомниченото лице, во весникот бил објавен текст дека лицето е пронајдено и ќе одговара за нанесување тешки телесни повреди. На крај се вели дека целта на оваа жалба е да се дискредитира весникот, кој досега имал безброј вакви насловни страници, како и да се омаловажи уредувачкиот колегиум кој со месеци бил мета на оркестрирани напади.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и :

**Член 25 од Уставот на РМ,** во кој се вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

**Пресудата на Европскиот суд за човекови права Von Hannover v. Germany, 2004, § 60.,** каде во правењето разлика меѓу дебата од јавен интерес и заштита на приватниот живот Судот го предвиде следново:

**"Судот смета дека треба да се направи основна разлика меѓу објавувањето факти – дури и контроверзни – што можат да придонесат за дебатата во едно демократско општество, а се однесуваат, на пример, на политичарите во извршувањето на нивните функции и на објавувањето детали за приватниот живот на некое лице кое што, уште повеќе, дури не ни извршува официјална функција".**

**Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година),** во делот каде што се потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

рамнотежа помеѓу остварување на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (Член 8).

***

На седницата на 17.02.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката, одговорот од главниот и одговорен уредник на Вест, Горан Петрески, и направи увид во билтенот на МВР за конкретниот ден и во наведениот текст.

Од билтенот на МВР го констатираше следниов текст: **"На 22.01.2017 година во 19.45 часот во ЕИК Скопје било пријавено дека на ул.„Аминта III" имало женско лице со повреди во пределот на главата и телото. Полициски службеници излегле на местото на настанот и утврдиле дека се работи за В.П. (52) од Скопје. Истата изјавила дека била пресретната од нејзиниот поранешен пријател со кого била во љубовна врска, кој со возило ја однел во близина на последна автобуска постојка во населбата Железара, каде и го соблекол долниот дел од гардеробата, физички ја нападнал и ја оставил полугола. В.П. потоа со такси возило дошла на горенаведената улица. Од страна на Итна медицинска помош, била пренесена во Ургентниот центар Скопје, каде и биле констатирани тешки телесни повреди и била задржана на понатамошно лекување. СВР Скопје презема мерки за пронаоѓање на сторителот, како и за целосно расчистување на случајот."**

Во обжалениот текст, меѓу другото, се додаваат и следниве информации: " **Инцидентот, според информациите на полицијата, се случил завчера околу 20 часот. В.П. (52) од скопската населба Драчево попладнето била пресретната од својот поранешен љубовник кој, исто така, бил од истата населба, кој насилно ја внел во неговиот автомобил и со неа се упатил кон скопската населба Железара. Кога стигнале на последната автобуска постојка тој, најверојатно, лут оти таа повеќе не се гледала со него се нафрлил врз неа и почнал да ја мава со тупаници по главата при што и' нанел скршеници на рамото и на носот. Потоа, насилно ја соблекол долната облека и полугола ја исфрлил од автомобилот ".**

Како што може да се утврди од двата текста, наспроти официјалната верзија за настанот, весникот "Вест" ја проширува информацијата и дава подетален опис за местото на живеење на жртвата на насилникот, а тоа е помалата скопска населба Драчево. Со оглед на тоа тоа што во конкретниот случај не станува збор за јавна личност и за настан од значаен јавен интерес, туку за општествена девијација и се додаваат детали кои го откриваат идентитетот на жртвата и нејзината непосредна околина на живеење, Комисијата најде дека медиумот не ја почитувал приватноста на личноста и личната болка и жалост. Дотолку повеќе што новинарот не водел сметка за семејството на жртвата, да не ја зголемува нивната болка и придонел кон нивно "жигосување".

Со оглед на тоа што овој настан се нашол на насловната страница на весникот, членовите на Комисијата најдоа дека медиумот непотребно направил сензација од настанот, со што уште повеќе придонел за непочитување на приватноста болката на личноста и нејзиното семејство.

Во конкретниот случај, Комисијата констатираше и дека се користени фрази кои содржат сексистички , стереотипни и дискриминирачки конотации, притоа неземајќи предвид дека станува збор за нечија семејна трагедија.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов *"Љубовна драма во скопска Железара - Ја претепал љубовницата и полугола ја исфрлил на улица"*, објавен на 23.01.2017 година, во 20 часот и 15 минути во интернет изданието на Вест (www.vest.mk), а на 24.01.2017 година, во дневниот весник Вест, прекршен е член 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост. Извештаите треба да водат сметка за семејството на жртвата, да не се зголемува нивната болка, но и да не придонесе кон нивно "жигосување".

Комисијата констатира дека е прекршен член 8, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 11, според кој новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус. Секогаш треба да се избегнуваат фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминирачки конотации.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

**Се обврзуваат дневниот весник Вест и интернет изданието на Вест (www.vest.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595